**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Лилјана Поповиќ<br>3 145 410 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | септември 2010 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

**Во текот на примената на законот се укажа потребата од доуредување на прашањето за издавање и доставување на одобрение за погреб до надлежниот орган за водење на матичните книги на умрени лица. Ова со цел да се има прецизна евиденција на умрени лица и извршени погреби согласно закон. Исто така, се оцени потребата од измени на одредбите од законот каде се пропишани овластувањата на Државниот комунален инспекторат во насока истите кога ќе утврдат потребно е да се изменат одредбите во законот со кои се предвидени прекршочни санкции покрај за правните лица и за јавните претпријатијаиав со цел за правилно спроведување на законот и заради целосно усогласување со Законот за прекршоците и заради унапредување на казнената евиденција во Републиката.**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Решенијата содржани во предложените одредби имаат за цел да се доуредат одредени законски решенија со создавање обврски за правните лица кои ги вршат работите на управител на гробишта и погребални услуги да го известуваат органот належен за водење на матична евиденција за извршени погреби. Ова заради отстранување на одредени неправилности во евиденциите што се водат во надлежните органи за починати лица. Имено, до сега не постоеше законска обврска лицата кои вршат погребални услуги податоците за извршен погреб да ги доставуваат до Управата за

матични работи каде се води матична книга на умрени лица. Имајќи ја во вид евиденцијата, многу лица кои долги години се починати се уште се водат како живи лица, со што не може правилно да се ажурираат податоците во Избирачкиот список во Републиката, а што е последица од недоследности и во другите евиденции.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   Во процесот на влијанието на регулативата беа вклучени надлежните државни органи како што се Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии, Државниот комунален инспекторат како и Заедницата на единиците на локалните самоуправа. Исто така, побарано е произнесување и од правните лица кои имаат добиено дозвола за вршење погребални услуги или дозвола за управување со гробишта.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   Писмени и усни сугестии и предлози од засегнатите страни.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
   Нема дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   Иницијална.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите беа започнати во почетокот на 2010 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   Не се вклучени надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
4. Во септември 2010 година

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?